V

Врз основа на наведеното, Судот одлучи како во диспозитивот на ова решение.

У. бр. 145/2024
3 декември 2025 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Северна Македонија,
д-р **Дарко Костадиновски,** с.р.

# СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**606.**

Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, согласно со чл.9, ст.1 алинеја 2, чл.10, ст.1, чл.47 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македоња („Службен весник на РСМ“ бр.150/07, 100/11 и 42/20) и чл. 87, ст.1, алинеја 4 од Законот за јавното обвинителство („Службен весник на РСМ“ бр.42/20) на одржаната триесет и осма седница на ден 17.2.2026 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

I

На Расим Дреца - јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје, му се утврдува престанок на функцијата јавен обвинител, поради исполнување на условите за старосна пензија.

II

Функцијата јавен обвинител и работниот однос му престануваат заклучно со 28.2.2026 година.

III

Оваа одлука влегува во сила на ден 17.2.2026 година, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

СОР Бр. 1/26
17 февруари 2026 година
Скопје

Совет на јавните обвинители
на Република Северна Македонија
Претседател,
**Башким Бесими,** с.р.

# АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

**607.**

Врз основа на член 156 став (2) од Законот за воздухопловство (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 14/24, 224/24, 3/25 и 144/25), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА СЛУЖБЕНА ЛЕГИТИМАЦИЈА НА ВОЗДУХОПЛОВЕН ИНСПЕКТОР**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината, начинот на чување, како и постапката за издавање и повлекување на службената легитимација на воздухопловен инспектор.

Член 2

(1) Службена легитимација на воздухопловен инспектор се издава на лице кое има овластување за воздухопловен инспектор за вршење надзор на одредена област во воздухопловството издадено од Агенцијата за цивилно воздухопловство (во понатамошниот текст: Агенцијата) согласно Законот за воздухопловство и подзаконските акти за вршење на одреден вид надзор донесени од страна на министерот за транспорт.

(2) Службена легитимација на воздухопловен инспектор се издава на образец во форма и содржина согласно Додаток 8 на Анекс 9 – Олеснување, на Меѓународната конвенција за цивилно воздухопловство на ICAO, кој е даден во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

(2) Службената легитимација на воздухопловен инспектор оспособен за вршење на RAMP инспекција на странски воздухоплов на платформа (во понатамошниот текст: службена легитимација на RAMP инспектор) се издава на образец во форма и содржина дадена во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

(3) Деталните информации за машински читливи легитимации се дадени во Документ 9303, Дел 3 на ICAO.

(4) Образецот на службените легитимации од ставовите (1) и (2) на овој член е изработен со заштитен печат на пластика со бела боја, со правоаголен облик со димензии 85×55 мм.

Член 3

Службена легитимација на воздухопловен инспектор се издава за периодот наведен во овластувањето за вршење на работи на воздухопловен инспектор.

Член 4

(1) Воздухопловниот инспектор кој ќе ја изгуби службената легитимација или на друг начин ќе остане без неа, најдоцна во рок од 24 часа ја известува за тоа Агенцијата и доставува изјава за времето, местото и околностите под кои истата е изгубена, односно останал без неа.

(2) Воздухопловниот инспектор од став (1) на овој член на свој трошок ја огласува службената легитимација за неважечка во Службен весник на Република Северна Македонија.

(3) На воздухопловниот инспектор од став (1) на овој член Агенцијата му издава нова службена легитимација, по претходно добиен доказ дека ја огласил претходната службена легитимација согласно став (2) на овој член.

Член 5

Службената легитимација се заменува со нова кога ќе стане неупотреблива поради дотраеност или оштетување или во случај на промена на личните податоци на нејзиниот имател.

Член 6

Службената легитимација се повлекува во случај кога на инспекторот ќе му биде повлечено инспекторското овластување согласно Законот за воздухопловство и подзаконските акти за вршење на одреден вид на надзор донесени од страна на министерот за транспорт.

Член 7

Службената легитимација што се повлекува или заменува, се враќа во Агенцијата и се уништува.

Член 8

За секоја издадена, заменета или повлечена службена легитимација, Агенцијата води евиденција.

Член 9

Со денот на отпочнувањето на примената на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата, содржината, евиденцијата и начинот на издавањето и одземањето на службената легитимација на воздухопловниот инспектор („Службен весник на Република Македонија” бр. 153/13 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 103/19).

Член 10

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Северна Македонија, а ќе отпочне да се применува од 1 април 2026 година.

Бр. 10-313/1
20 февруари 2026 година
Скопје

Директор на Агенцијата
за цивилно воздухопловство,
**Драги Стојаноски,** с.р.

**ПРИЛОГ 1**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Агенција за цивилно воздухопловство
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
Civil Aviation Agency

**СЛУЖБЕНА ЛЕГИТИМАЦИЈА**
на воздухопловен инспектор
**Civil Aviation Inspector**
CERTIFICATE

Место за слика од имателот на легитимацијата

Презиме/Surname Име/Given name

Пол/Sex Државјанство/Nationality Датум на раѓање/Date of birth

Вработен во/Employed By Инспекторско овластување/Inspector Authorization

Број на легитимацијата /Certificate No: Важи до /Date of Expiry:

Потпис на инспекторот
Signature of holder: ______________________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА / REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
Агенција за цивилно воздухопловство / Civil Aviation Agency

Овластувања:
Воздухопловниот инспектор е овластен да врши надзор над примената и спроведувањето на прописите од областа на воздухопловството согласно Законот за воздухопловство и прописите донесени врз основа на овој закон (член 144 став (1)) и да презема мерки согласно членовите 153, и 158 од тој закон.
Правните и физичките лица кои подлежат под надзор се обврзани да му овозможат на инспекторот услови да врши надзор, да му обезбедат без одлагање пристап до нивните објекти, воздухоплови, документација, исправи и материјали, на барање на инспекторот да обезбедат точни податоци и информации кои се потребни за вршење на надзорот, како и можност за интервјуирање на одговорните лица, лицата чија работа е предмет на надзорот, како и евентуалните сведоци.(член 146).
Authorizations:
The aviation inspector is authorized to perform inspection on the application and implementation of aviation regulations according to the Aviation Act and regulations enacted thereunder (Article 144(1)) and to take measures according to Articles 153 and 158 of the Aviation Act.
Legal entities and physical persons who are subject to inspection shall be obliged to provide to the inspector possibility to perform inspection and to provide, without delay, access to their facilities, aircraft, documents, certificates and materials, to provide accurate data and information which are necessary for performing of the inspection as required by the inspector, as well as possibility for interviewing the responsible persons, persons who's work is subject of inspection and possible witnesses (Article 146).

**Место на издавање:**
**(Issued at)** ______________________

**Надлежен орган:**
**(Issuing Authority)** ______________________

(мп)

**Дел предвиден за електронски запис**
**(да се остави празно ако легитимацијата не е предвидена за електронско исчитување)**

Machine Readable Zone
(To be left blank when non-machine readable certificate issued)

ПРИЛОГ 2

# RAMP Inspector Certificate

Службена легитимација за RAMP инспектор

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Агенција за цивилно воздухопловство
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
Civil Aviation Agency

Место за слика од имателот на легитимацијата

Презиме/Surname

Име/Given name

Број на легитимацијата /Certificate No:

Важи до /Date of Expiry:

Потпис на инспекторот
Signature of holder: ____________________

---

RAMP инспекторот е овластен да врши инспекциски назор (RAMP инспекции) над спроведувањето на Законот за воздухопловство и прописите донесени врз основа на овој закон.
Правните и физичките лица кои подлежат на RAMP инспекции се должни на RAMP инспекторот да му овозможат вршење на инспекциски надзор и без одлагање да му достават точни податоци, информации и матерјали што ги бара, а се потребни за извршување на RAMP инспекцискиот надзор.

The RAMP inspector is authorized to perform RAMP inspection of the implementation of the Aviation Act and regulations enacted under this act.
Legal entities and physical persons which are subject to a RAMP inspection shall be obliged to provide to the RAMP inspector possibility to perform RAMP inspection and to provide, without delay, accurate data, information and material required by the inspector and which are necessary for performing of the RAMP inspection.

Место на издавање:
(Issued at) ____________

Надлежен орган:
(Issuing Authority) ____________________

(мп)

Дел предвиден за електронски запис
(да се остави празно ако легитимацијата не е предвидена за електронско исчитување)

Machine Readable Zone
(To be left blank when non-machine readable certificate issued)